# ЈАВЕН ПОВИК за избор на

# експерт/ка за изработка на административен водич

Здружението „Гласен Текстилец“ од Штип, објавува повик за ангажирање на екперт/ка за изработка на административен водич.

Ангажманот е во рамки на проектот „Институционално и економско зајакнување на жените и девојките од источниот регион 2“. Проектот е финансиран од Фондацијата Kvinna till Kvinna и Шведска.

### *Критериуми за кандидатите:*

- Да има завршено високо образование од областа на повикот;
- Да има професионално искуство во спроведување обуки/работилници;
- Да има спроведено најмалку две обуки/работилници на темата за која се пријавува (*финансии и администрација*);
- Да поседува солидни комуникациски, презентациски и фацилитаторски вештини.

За предност ќе се сметаат:

- Познавање на човековите права и родовиот концепт;
- Да има професионално искуство во граѓанското општество.

### *Опис на работните часови и обврски:*

- 2 часа запознавање;
- 50 часа подготовка;
- 10 часа средба во живо во Штип;
- 10 часа финализирање;
- 5 часа доработка.

**Административниот водич** треба да биде документ за начинот на административно и канцелариско работење. Водичот треба да ги содржи следните компоненти: правни акти, законски одредби, обрасци и документи за финансиско и административно работење, базична систематизација на работни места, согласно органограмот на Гласен Текстилец.

### *Начин на апликација:*

Се аплицира со детално пополнување на:

**Анекс 1:** Образец за апликација;
**Анекс 2:** Буџет.

Двата анекса се поднесуваат електронски на glasentekstilec@gmail.com до **17 март 2023** година.

### *Прашања и дополнителни информации:*

Дополнителните прашања се доставуваат електронски до 10 март 2023 година, преку електронската адреса: blagojche.dishoski@glasentekstilec.mk



**Гласен Текстилец**
**Ул. Сутјеска 59, 2 000 Штип**
**glasentekstilec@gmail.com**
**www.glasentekstilec.mk**